# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 05.11.2025 ГОДИНА<br>БРОЈ 16 ГОДИНА 2025<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за формирање на Комисија за верификација**

1. Се прогласува Одлуката за формирање на Комисија за верификација, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 05.11.2025 година.

2. Одлуката за формирање на Комисија за верификација ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1197/2
05.11.2025 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/02) и член 40 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 05.11.2025г. донесе:

**ОДЛУКА**
**за формирање на Комисија за верификација**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за верификација која е составена од 5 (пет) членови од кои еден е претседател.

Член 2

За членови на Комисијата за верификација се избираат:

- Антонио Симоноски
- Андреј Ацески
- Светлана Аџиоска
- Дијана Дуртаноска
- Горан Новакоски

Член 3

Комисијата има задача да ги разгледа Уверенијата за избор на членови на Совет издадени од Општинската изборна комисија Кривогаштани, да изврши соодветна идентификација, да подготви предлози за верификација на мандатите на избраните членови на Совет и да ги разгледа приговорите во врска со предлозите за верификација.

Член 4

Мандатот на членовите на Комисијата за верификација е со времетраење од 4 години.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-1185/3
05.11.2025 година

Претседател на Совет на Општина Кривогаштани
од претходен состав
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 05.11.2025 година.

2. Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Кривогаштани, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1197/3
05.11.2025 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/02) и член 40 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 05.11.2025г. донесе:

## ОДЛУКА
**за верификација на мандатот на членовите на Советот на Општина Кривогаштани**

Член 1

Со Оваа Одлука се верифицира мандатот на следните членови на Советот на Општина Кривогаштани:

- Горан Новакоски
- Антонио Симоноски
- Јулијана Николоска
- Веселин Шаркоски
- Антонио Мицакоски
- Дијана Дуртаноска
- Климент Манески
- Светлана Аџиоска
- Димитар Маџароски
- Влатко Грашкоски
- Андреј Ацески

Член 2

Мандатот на членовите на Советот на Општина Кривогаштани е со времетраење од 4 години.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.08-1185/4
05.11.2025 година

Претседател на Совет на Општина Кривогаштани
од претходен состав
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука за избор на Претседател на Совет на Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за избор на Претседател на Совет на Општина Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 05.11.2025 година.

2. Одлуката за избор на Претседател на Совет на Општина Кривогаштани, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1197/4
05.11.2025 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 47 став 1 и 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,,бр.202/24) и член 24 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23) Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 05.11.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за избор на Претседател на Совет на Општина Кривогаштани**

Член 1

За Претседател на Советот на Општина Кривогаштани се избира Андреј Ацески.

Член 2

Претседателот на Советот ги свикува и раководи со седниците на Советот, се грижи за нивната организација и работа, ги потпишува прописите што Советот на општината ги донесол и истите ги доставува до градоначалникот за нивно објавување.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-1185/5
05.11.2025 година

Претседавач на Совет за 1 ва седница
на Совет на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

## СОДРЖИНА

**на акти донесени на 1-ва конститутивна седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 05.11.2025 година и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1.Заклучок за прогласување на Одлука за формирање на Комисија за верификација...1

- Одлука за формирање на Комисија за верификација..............................................1

2. Заклучок за прогласување на Одлука за верификација на мандатите на членовите на Совет на Општина Кривогаштани..........................................................................2

- Одлука за верификација на мандатите на членовите на Совет на Општина Кривогаштани..........................................................................................................3

3. Заклучок за прогласување на Одлука за избор на Претседател на Совет на Општина Кривогаштани...........,...........................................................................................4

- Одлука за избор на Претседател на Совет на Општина Кривогаштани...........,...........................................................................................4

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**